VII одделение

ТЕМА 2: РАБОТА СО ТЕКСТ

“Уредување на пасуси во текстуален документ”



Наставник: Леонид Крстевски



РАБОТА СО ТЕКСТ





Што ќе научиме?

- Да креираме и уредуваме документи
- Да работиме со пасуси
- Да вметнуваме графички објекти
- Да ги уредуваме страниците
- Да подготвиме документ за печатење





ДА СЕ ПОТСЕТИМЕ 💭



Што веќе знаеме да направиме во текстуален документ?

1. **Како менуваме големина на текст?**
2. **Што прават Bold, Italic и Underline?**
3. **Како го порамнуваме текстот лево, десно или централно?**
4. **Како започнуваме нов пасус?**
5. **Која е разликата помеѓу Save и Save As?**



Пасус (параграф) е дел од текстот што претставува една целина и најчесто се завршува со притискање **Enter**.

ШТО Е ПАСУС?

Имаме два пасуси.



НЕ Е ИСТО!

ENTER → започнува нов пасус

Ова е прв пасус.

Ова е втор пасус.

SPACE → остава празно место меѓу зборови

Ова е пример за правилно растојание меѓу зборови.

Ако сакам поголемо растојание меѓу два пасуси, дали треба 5 пати да притиснам Enter?

НЕ. ✕

За тоа постојат правилни алатки за форматирање.

✕

Enter
Enter
Enter
Enter
Enter

Прв пасус.

Втор пасус.

✓ **Користи форматирање!**



Во Word или Google Docs можеш лесно да го поставиш растојанието меѓу пасуси (на пр. преку „Line and paragraph spacing“).

ШТО МОЖЕМЕ ДА УРЕДУВАМЕ КАЈ ПАСУС?

Кај пасус можеме да менуваме:

Проред



Вовлекување



Простор пред пасус



Простор после пасус



Боја/подлога



Рамка



★ ПРОРЕД

Што е проред?

Проред е растојанието помеѓу редовите во еден пасус.

Ова е важна дефиниција за тест.

- Видео на платформата во делот “Корисни Линкови”

1.0 — мал проред



Редовите се блиску еден до друг.

1.5 — поголем проред



Помеѓу редовите има повеќе простор.

Чести вредности:

- 1.0
- 1.15
- 1.5
- 2.0

Word → Layout → Spacing (Before/After) или Home → Line and Paragraph Spacing

ВОВЛЕКУВАЊЕ (INDENT)

Вовлекување е поместување на пасусот или негов дел во однос на маргините.

Без вовлекување:

Текстот започнува овде...

Со вовлекување:

→ Текстот започнува овде...

Во Word, тоа се прави со:



БОЈА И РАМКА НА ПАСУС

Пасусот можеме дополнително да го истакнеме со:

Shading — боја на подлогата

Borders — рамка околу пасусот

Пример:

ВАЖНА ИНФОРМАЦИЈА

Овој пасус е истакнат со подлога и рамка.

Нагласи да не претераат со бои.

Доволно е една боја или едноставна рамка.

Прашање:

„Зошто би користеле рамка или боја?"

Очекувани одговори:

- → за истакнување
- → за подобар изглед
- → за важни информации